Врз основа на член 30 став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и унтервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/15) и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/18), директорот на ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица, објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БР.01/2020**

**ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК**

Се распишува интерен оглас за унапредување на административен службеник за следните работни места:

01. **ДЕЗ 01 02 Г01 003 Самостоен референт – Администратор (вршител на административни работи) – 1 извршител;**

- Посебни услови за работното место за ниво Г1 ниво на стручни квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.
- Најмалку три години работно искуство во струката.
- Посебни работни компетенции: активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

Работни денови од понеделник до петок; работни часови неделно: 40 часа.

Работно време: од 08 часот до 16 часот.

Паричен нето износ на збирот од делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво: 16.378,00 денари.

**02. ДЕЗ 01 02 Г01 004 Самостоен референт – Аналитичар евидентичар– 2 извршители;**

- Посебни услови за работното место за ниво Г1 ниво на стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.
- Најмалку три години работно искуство во струката.
- Посебни работни компетенции: активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

Работни денови од понеделник до петок; работни часови неделно: 40 часа.

Работно време: од 08 часот до 16 часот.

Паричен нето износ на збирот од делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво: 16.378,00 денари.

Кандидатите за работните места под реден број 01 и 02 кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнат следните општи услови:

- Да е државјанин на Република Македонија;
- Да има општа здравствена способност за работното место;
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
- Да е оценет со оценка „А“ или „Б“ при последното оценување;
- Да е на работно место на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;

- Да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатот потребно е да поднесе пријава во писмена форма преку архивата на ЈОУДГ „Детска радост" Струмица.

Кандидатот кон пријавата покрај докази за исполнување на општите и посебните услови, може да приложи и:

- Потврди за успешно реализирани обуки и/или обуки како посетител на обука.

Кандидатот, пријавата со потребните документи треба да ги достави во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на интерниот оглас на огласната табла на Установата и на веб страната на Агенцијата за админстрација.

Во пријавата кандидатите се должени под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција за унапредување, формирана од страна на директорот на ЈОУДГ „Детска радост" Струмица. Постапката за селекција за унапредување се состои од две фази: административна селекција и унапредување.

**Напомена:** Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

ЈОУДГ „Детска радост" Струмица

Директор,

Васил Бубев